Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на 46та седница, одржана на ден 12.02.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето -------- ----------** – член на Совет на Општина -------- и член на Училишен одбор во ООУ „------ -------" ---------, затоа што тоа е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупција и судир на интереси.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, оваа Одлука се доставува до именуваната за известување и постапување во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, односно да се откаже од една од двете функции кои ги врши.

**Образложение**

Предметот со број 09-4314/1 од 17.12.2020 година е оформен врз основа на добиена Претставка од познат подносител со наводи дека лицето -------- --------- која што е член на Совет на Општина --------, истовремено е и член на училишен одбор во ООУ „----- ------" -------- и покрај законските одредби за **неспојливост** на функцијата член на совет и други функции кои ги избира или именува локалната самоуправа.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на точноста на наводите, Државната комисија се обрати до Општина ------- со Барање за прибирање податоци и информации и од општината побара податок за тоа дали лицето ------- --------- е именувана за член на училишен одбор во ООУ „---- -------" -------- и доколку е, во прилог да ја достави одлуката за именување.

Во законски утврдениот рок, општина -------- до Државната комисија достави Одговор на Барање и во прилог ја достави Одлуката за разрешување и именување на членови на училишниот одбор на ООУ „---- ------ " ------ од 23.03.2018 година, од која се гледа дека на Седница на Советот на општина ------- одржана на ден 15.03.2018 година **донесена е одлуката ------- -------- да биде член на училишен одбор во училиштето.**

Од друга страна, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите го предвидува следново

**Член 44**

*(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и*

*законите.*

*(2) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 46та седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во Претставката против -------- ---------**, односно **се потврдува состојба на судир на интереси**.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите оваа Одлука се доставува и до ------- ---------- – член на Совет на општина -------- и член на училишен одбор во ООУ „------ -------„ ------- со која и се укажува на неопходноста да преземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на начин што во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката ќе се откаже од една од двете функции кои ги врши и за истото ќе ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Е.Н - Соработник
Одобрил:
К.Н, член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk